*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општината Штип Излегува по потреба | Број 4 11 април 2008 година Ш т и п | ГОДИНА XLV |

81.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
## ЗА ВОН НАСЕЛЕНОТО МЕСТО М.В. "ДАМБЕВА ЧЕШМА"
## КО-КАРАОРМАН - ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-урбанистички план за вон населеното место "Дамбева Чешма" КО-Караорман - Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-940/2
10 април 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

82.

Врз основа на член 22 и член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" број 51/05 и 137/07) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА ВОН НАСЕЛЕНОТО МЕСТО М.В. "ДАМБЕВА ЧЕШМА"
КО-КАРАОРМАН - ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се утврдува Нацрт-урбанистички план за вон населеното место "Дамбева Чешма" КО-Караорман - Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип со технички број 20/07.

Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:
- Решение за услови за планирање на просторот
- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручна ревизија
- стручно мислење
- одговор на стручно мислење

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-940/1
4 април 2008 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

83.
Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

I

Се објавува Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-941/2
10 април 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

84.

Врз основа на член 24, 25 и 26 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" број 63/07), а во согласност со член 14 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07) Советот на Општината Штип на 4 април 2008 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

**Општи одредби**

Член 1

Заради вршење на стручни работи од значење на Источниот плански регион се основа Центар за развој на Источниот плански регион.

Член 2

Центарот за развој на Источниот плански регион има својство на правно лице и се регистрира пред надлежните државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.

Член 3

Седиште на Центарот за развој на Источниот плански регион е во Штип на улица "Васил Главинов" бб.

**Делокруг на работа на Центарот**

Член 4

Центарот за развој на Источниот плански регион ги врши следниве работи:

- ја изготвува предлог-програмата за развој на планскиот регион;
- изготвува предлог-акционен план за имплементација на програмата за развој на планскиот регион;
- подготвува предлог-проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби;
- ги доставува предлог-проектите за регионален развој, врз основа на утврдената листа на предлог-проекти од страна на Советот за развој на Источниот плански регион, најдоцна до 15 декември во тековната година до Бирото за регионален развој;
- ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион;
- склучува договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;
- ги реализира проектите за развој на планскиот регион;

- подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните програми за развој;
- обезбедува стручни услуги за здруженијата на граѓани и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;
- спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската унија и други меѓународни извори;
- врши промоција на развојните можности на планскиот регион;
- подготвува годишен извештај за своето работење и истиот го доставува до Советот за развој на Источниот плански регион и советите на единиците на локалната самоуправа во состав на планскиот регион;
- врши стручни и административни работи за потребите на Советот за развој на Источниот плански регион.

**Организациска поставеност**

Член 5

Центарот за развој на Источниот плански регион (во понатамошниот текст: Центарот) има раководител, кој се избира по пат на јавен конкурс.

Раководителот на Центарот го избира Советот за развој на Источниот плански регион, со двотретинско мнозинство.

Мандатот на раководителот на Центарот е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

Член 6

За раководител на Центарот може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- ги исполнува општите услови за вработување, според Законот за работни односи;
- има минимум 5 (пет) години работно искуство во областа на локалната самоуправа или во државната амдинистрација;
- има завршено VII степен високо образование;
- има познавање за рамномерниот регионален развој и системот на локална самоуправа.

Член 7

Раководителот на Центарот ги има следниве надлежности:

- го претставува и застапува Центарот;
- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот;
- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот;
- одлучува за вработувањата, правата, должностите и одговорностите на вработените во администрацијата на Центарот;

- донесува Правилник за систематизација на работни места во администрацијата на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Источниот плански регион;
- раководи со администрацијата на Центарот;
- ги предлага на Советот за развој на Источниот плански регион програми, проекти, извештаи и останати документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на Источниот плански регион;
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот;
- врши и други работи утврдени со закон.

Член 8

Центарот има администрација.

Одлуката за организацијата на администрацијата на Центарот ја донесува Советот за развој на Источниот плански регион, на предлог на раководителот на Центарот.

Правата и обврските на вработените во администрацијата на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работните односи и тие немаат својство на државни службеници.

**Финансирање на Центарот**

Член 9

Центарот има финансиски годишен план, кој се предлага од страна на раководителот на Центарот, а се усвојува од страна на Советот за развој на Источниот плански регион.

Предлог-финансиски годишен план на Центарот мора најдоцна да се достави до Советот за развој на Источниот плански регион до 1 (први) декември во тековната година, а истиот се усвојува од страна на Советот до крајот на декември во тековната година.

Во случај на недонесување на Одлука за усвојување на финансискиот годишен палн на Центарот, се донесува Одлука за времено финансирање на Центарот.

Временото финансирање на Центарот не може да биде подолго од три месеци.

Во случај да во рок до три месеци не се усвои финансискиот годишен план за финансирање на Центарот за тековната година се применува финансискиот годишен план од претходната година.

Член 10

Единиците на локалната самоуправа кои се во состав на Источниот плански регион се согласни да го финансираат тековното работење на Центарот, со што секоја година ќе планираат ставка во своите буџети за финансирање на Центарот.

Член 11

Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојвуа секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на Источниот плански регион, с определува на 10 денари по глава на жител.

Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на советите на единиците на локалната самоуправа кои се во состав на Источниот плански регион.

Трансферот на средствата ќе се врши квартално, за секој квартал однапред.

Центарот за развој на Источниот плански регион има сметка во системот на трезорската сметка.

Член 12

Раководителот на Центарот доставува на усвојување годишен финансиски извештај за работа на Центарот до Советот за развој на Источниот плански регион.

Усвоениот годишен финансиски извештај се доставува до советите на единиците на локаланата самоуправа од Источниот плански региион.

Член 13

На предлог на членовите на Советот или на предлог на раководителот на Центарот, може да се покрене иницијатива за промена на висината на финансиските средства за тековното работење на Центарот.

**Преодни и завршни одредби**

Член 14

Центарот за развој на Источниот плански регион е основан откако сите совети на единиците на локалната самоуправа од Источниот плански регион ќе донесат Одлука за основање на Центарот.

Член 15

Најдоцна во рок од три месеци од усвојувањето на оваа Одлука, од страна на сите совети на единиците на локалната самоуправа треба да се изврши избор на раководител на Центарот од страна на Советот.

До изборот на раководител на Центарот за развој на Источниот плански регион се овластува претседателот на Источниот плански регион да ги преземе обврските поврзани со регистрација на Центарот пред надлежните државни институции и останатите обврски утврдени со Законот за рамномерен регионален развој и оваа Одлука.

Член 16

Заради имплементација на член 62 од Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, градоначалниците на единиците на локалните самоуправи од Источниот плански регион и министерот за локална самоуправа, во најкраток можен рок ќе потпишат Договор за кофинансирање за тековното работење на Центарот за развој на Источниот плански регион.

Член 17

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-941/1 | Претседател
4 април 2008 година | на Советот на Општината Штип,

Ш т и п | Драги Илиев, с. р.

85.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА
НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП "ИСАР" ЗА
ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ВО СОПСТВЕНОСТ
НА ЈП "ИСАР"-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Исар" за продажба на недвижен имот во сопственост на ЈП "Исар"-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-942/3 | Градоначалник
10 април 2008 година | на Општината Штип,

Ш т и п | Панде Сарев, с. р.

86.

Врз основа на член 11 точка 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" број 39/96, 06/02, 40/03 и 49/06), член 46 и член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07) Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА
НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП "ИСАР" ЗА
ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ВО СОПСТВЕНОСТ
НА ЈП "ИСАР"-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Исар" за продажба на недвижен имот во сопственост на ЈП "Исар"-Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за продажба на недвижен имот во сопственост на ЈП "Исар"-Штип од Управниот одбор број 0202-897/1 од седницата одржана на 26 јули 2007 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-942/1
4 април 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

87.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИ

I

Се објавуваат Заклучоците број 0701-942/2 од 4 април 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-942/4
10 април 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

88.

Врз основа на Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Исар" за продажба на недвижен имот во сопственост на ЈП "Исар"-Штип број 0701-942/1 од 4 април 2008 година и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

## З А К Л У Ч О Ц И

I

- Сите средства добиени од јавната лицитација од потенцијалниот иден купувач, ЈП "Исар" задолжително да ги намени за плаќање на долгот кон Електростопанство ЕВН-Штип.
- Почетната цена од 2500 евра по $м^2$ се однесува за вкупна површина од 70,69$м^2$ (36, 25$м^2$ деловен простор и 34,44$м^2$ подрумски дел).

II

Овие Заклучоци влегуваат во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објават во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-942/2
4 април 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

89.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗОНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за определување на зони на подрачјето на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-943/2
10 април 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

90.

Врз основа на Уредбата за определување на реонизација на зони на градовите и населените места во Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 56/05 и 87/07) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗОНИ
## НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се врши поделба на градот и населените места на подрачјето на Општината Штип на зони.

Согласно Уредбата за определување на реонизација на зони на градовите и населените места во Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 56/05 и 87/07) во Општината се определени три зони и тоа: централно подрачје, вон централно подрачје и населени места.

Член 2

Централното подрачје ги опфаќа првата и втората градежна зона определени со Одлуката за поделба на границите на градежното земјиште за подрачјето на град Штип на градежни реони ("Службен гласник на Општината Штип" број 07/92).

Вон централното подрачје ја опфаќа третата градежна зона согласно напред цитираната Одлука.

Во населени места спаѓаат сите останати подрачја кои не се опфатени со определените градежни зони.

Член 3

Оваа поделба на зони ќе се применува само во постапките за трансформација на градежното земјиште.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-943/1<br>4 април 2007 година<br>Ш т и п

Претседател<br>на Советот на Општината Штип,<br>Драги Илиев, с. р.

91.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ФОРМИРАЊЕ ОДБОР ЗА ИЗГРАДБА
## НА БРАНАТА НА РЕКА ОТИЊА

I

Се објавува Одлуката за формирање Одбор за изградба на браната на река Отиња.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-944/3
10 април 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

92.

Врз основа на Меморандумот за изградба на брана на река Отиња, член 2 став 3 и 4 од Одлуката за изградба на брана на река Отиња ("Службен гласник на Општината Штип" број 08/07) и член 21 точка 31 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07, Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ФОРМИРАЊЕ ОДБОР ЗА ИЗГРАДБА
## НА БРАНАТА НА РЕКА ОТИЊА

Член 1

За изградба на браната на река Отиња се формира Одбор.

Одборот од став 1 на овој член е составен од претседател и 8 членови.

Членовите на Одборот ги именува Советот на Општината Штип по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избор и именување од редот на претставници на политичките партиии кои партиципираат во Советот.

Член 2

Одборот од член 1 ќе се грижи за:

- обезбедување на средства согласно членот 2 од Одлуката за изградба на браната;
- склучување на договори со заинтересирани инвеститори врз основа на претходна согласност на Советот;
- придржување кон потпишаните договори со инвеститорите;
- придржување кон договорите потпишани со странски или домашни донатори;
- наменско користење на обезбедените средства;
- техничкиот аспект за изградба на брана на р. Отиња.

Контролата на трошењето на средствата ќе ја врши Советот на Општината Штип со усвојување на задолжителни тромесечни финансиски извештаи изготвени од Одборот.

Член 3

Сметководствените и други административни работи за обезбедените средства и нивното трошење ќе ги врши Одделението за буџет, финансии и локален економски развој во рамките на општинската администрација.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Служвен гласник на Општината Штип".

Број 0701-944/1
4 април 2008 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип

Драги Илиев, с. р.

93.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК

I

Се објавува Заклучокот број 0701-944/2 од 4 април 2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-944/4
10 април 2008 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

94.

Врз основа на Одлуката за формирање Одбор за изградба на бранатa на река Отиња број 0701-944/1 од 4 април 2008 година и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

I

- Одборот за изградба на брана на река Отиња да остане отворен за соработка со НВО, здруженија на граѓани, фондации, стопански субјекти и сите кои што се заинтересирани.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-944/2
4 април 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

95.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за формирање Штаб за заштита и спасување на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-945/2
10 април 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

96.

Врз основа на член 93 став 1 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" број 36/04), член 2 став 2 од Уредбата за начинот на раководење и командување со силите за заштита и спасување и командите ("Службен весник на РМ" број 18/06), член 10 од Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" број 12/06) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ФОРМИРАЊЕ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Се формира Штаб за заштита и спасување на Општината Штип.

Член 2

Штабот за заштита и спасување на Општината Штип раководи со силите за заштита и спасување формирани на подрачјето на Општината од Општината Штип.

Член 3

Штабот за заштита и спасување е составен од:

- командант - 1
- началник - 1

помошник на началникот за:

- оперативни работи - 1
- прва медицинска помош - 1
- згрижување и евакуација - 1
- заштита и спасување од пожари - 1
- заштита и спасување од поплави - 1
- извршител-администратор - 1
- извршител-возач - 2

Персоналниот состав на Штабот за заштита и спасување ќе се определи со посебно решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 0701-945/1 | Претседател |
| 4 април 2008 година | на Советот на Општината Штип, |
| Ш т и п | Драги Илиев, с. р. |

97.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ФОРМИРАЊЕ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ПРОСТОРНА ЕДИНИЦА

I

Се објавува Одлуката за формирање специјализирана просторна единица.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-946/2<br>10 април 2008 година<br>Ш т и п

Градоначалник<br>на Општината Штип,<br>Панде Сарев, с. р.

98.

Врз основа на член 94 став 4 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" број 36/04), член 2 и член 4 став 1 алинеја 2 од Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" број 12/06), Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалиот состав на силите за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" број 124/06) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ФОРМИРАЊЕ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ПРОСТОРНА ЕДИНИЦА

Член 1

Се формира специјализирана просторна единица за заштита и спасување од пожари во резерва.

Член 2

Единицата е во јачина на вод со персонален и материјален состав во согласност со Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување.

Член 3

Пополнувањето на единицата со луѓе и материјално-технички средства ќе го изврши Одделението за заштита и спасување.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-946/1<br>4 април 2008 година<br>Ш т и п

Претседател<br>на Советот на Општината Штип,<br>Драги Илиев, с. р.

99.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
## ОД "СПОРТСКИОТ ДЕНАР"
## НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ВО ШТИП

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства од "спортскиот денар" на спортски клубови во Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-947/2 Градоначалник
10 април 2008 година на Општината Штип,
Ш т и п Панде Сарев, с. р.

100.
Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
## ОД "СПОРТСКИОТ ДЕНАР"
## НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ВО ШТИП

Член 1

Се доделуваат финансиски средства од "спортскиот денар" на:

1. Општинскиот фудбалски сојуз во износ од 53.300,00 денари за котизација-надомест на трошоците за одигрување на првенствените натпревари на фудбалските клубови:
    - ФК "Баби" од населба "Баби"
    - ФК "Дузлак 2003" од Штип
    - ФК "Дрводекор" од Караорман
    - ФК "Бело Брдо" од Штип
    - ФК "Балкан" од населба "Балканска"
    - ФК "Три Чешми" од населба "Три Чешми"
    - ФК "Сењак- Дузлак 99" од Штип
    - ФК "Кардашлк" од Штип

2. Одбојкарскиот клуб "Младост"-Штип за втората половина за котизација - 17.000,00 денари.

3. Тенискиот клуб "Триумф" за котизација - 15.000,00 денари.
4. Карате клубот "Партизан" за доплата на котизација за 2007 година - 5.500,00 денари.
5. Карате клубот "Партизан" за котизација за 2008 година - 11.000,00 денари.
6. Општински фудбалски сојуз за функционирање и натпреварување во Пролетниот дел од првенствата 2007/2008 на Младинско пионерската школа на фудбалскиот клуб "Штип"- 4.000,00 денари.
7. ФК"Астибо"-Штип за котизација - 20.000,00 денари.

Член 2

Средствата од точките 2, 3, 4 и 5 да се уплатат на соодветните сметки на Федерациите на клубовите.

Доколку средствата се платени за котизација со доказ за платените средства, средствата да се преведат на сметките на клубовите.

Средствата од точките 1 и 6 да се уплатат на сметката на Општински фудбалски сојуз.

Средствата од точка 7 да се уплатат на сметката на Регионалниот фудбалски сојуз.

Доколку средствата се платени за котизација со доказ за платените средства, средствата да се преведат на сметката на клубот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 0701-947/1 | Претседател |
| 4 април 2008 година | на Советот на Општината Штип, |
| Ш т и п | Драги Илиев, с. р. |

101.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ФУДБАЛСКИОТ КЛУБ
## "БРЕГАЛНИЦА-ПЛАВИ"

I

Се објавува Одлуката за финансирање на Фудбалскиот клуб "Брегалница-Плави".

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-948/2 Градоначалник
10 април 2008 година на Општината Штип,

Ш т и п Панде Сарев, с. р.

102.

Врз основа на Барањето од Фудбалскиот клуб Брегалница-Плави број 07-27/134 од 10 март 2008 година и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ФУДБАЛСКИОТ КЛУБ "БРЕГАЛНИЦА-ПЛАВИ"

Член 1

За финансирање на Фудбалскиот клуб "Брегалница-Плави" за период од 6 месеци Општината Штип ќе обезбеди средства во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.

Средствата во износ од 750.000,00 денари ќе се обезбедат од буџетот на Општината Штип за 2008 година од средствата предвидени за финансирање на Програмата за одржување на Градскиот стадион ФК "Брегалница" за 2008 година, а остатокот со ребаланс на буџетот на Општината за 2008 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука, Општината ќе ги исплатува на жиро сметка на Управниот одбор на ФК "Брегалница-Плави", етапно односно месечно.

Член 3

Со цел да се обезбеди финансиска контрола на трошењето на средствата од член 1 на оваа Одлука, Советот на Оптината Штип во Управниот одбор на ФК "Брегалница-Плави" ќе делегира 50% + 1 член од членовите на УО на клубот од кои еден ќе биде благајник.

Членовите на управниот одбор ќе ги предложи Комисијата за мандатни прашања, избор и именување од редот на членовите на Советот.

Член 4

Заради контрола на трошењето на буџетските средства од член 1 на оваа одлука, Управниот одбор на ФК "Брегалница-Плави" е должен на секои 3 месеци на Советот на Општината Штип да му поднесува Извештај.

Доколку од страна на Советот се констатираат неправилности во трошењето на средствата, напред наведената одлука ќе престане да важи.

Член 5

За регулирање на меѓусебните односи, односно начинот на исплата на средствата од член 1 на оваа одлука помеѓу ФК "Брегалница-Плави" и Општината Штип ќе се склучи посебен договор.

Се овластува градоначалникот на Општината Штип да го потпише договорот од став 1 на овој член.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-948/1
4 април 2008 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

103.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК
ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРОЕКТ/ПРОГРАМИ
КОИ ЌЕ БИДАТ ДЕЛ ОД СОДРЖИНАТА НА
ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за објавување на Јавен повик за пријавување на проект/програми кои ќе бидат дел од содржината на Штипско културно лето 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-949/2
10 април 2008 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

104.

Врз основа на член 48 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК
ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРОЕКТ/ПРОГРАМИ
КОИ ЌЕ БИДАТ ДЕЛ ОД СОДРЖИНАТА НА
ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2008 ГОДИНА

Член 1

За организирање на манифестација Штипско културно лето 2008 се објавува Јавен повик за пријавување на проект/програми кои ќе бидат дел од содржината на Штипско културно лето 2008 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Јавниот повик за пријавување на проект/програми кои ќе бидат дел од содржината на Штипско културно лето 2008 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 0701-949/1 | Претседател |
| 4 април 2008 година | на Советот на Општината Штип, |
| Ш т и п | Драги Илиев, с. р. |

105.

Врз основа на член 14 и член 15 точка 5 од Статутот на Општина Штип, со кој Општината самостојно ги уредува и врши работите од јавен интерес и локално значење и во делот на културата и организирањето на културни манифестации поттикнувајќи разновидни и специфични форми на творештво, Советот на општина Штип објавува:

## Ј А В Е Н  П О В И К
за пријавување на проект /програми кои ќе бидат дел од содржината
на Штипско културно лето 2008 година

**Цели**:

Советот на Општина Штип во рамките на своите надлежности согласно определбата да овозможи услови за континуирано остварување и заштита на културните вредности преку обезбедување на достапност до граѓаните и нивно масовно користење по 23 пат ја организира манифестацијата **Штипско Културно Лето 2008**. Сакајќи да понуди рамноправно учество на сите творци, институции од културата и културни работници, како и разновидност на програмата, објавува Јавен повик за конкурирање/поднесување на предлог-програми со препознатливи содржини за нашата културна и историска традиција.

**Манифестацијата ќе се одржи во својот вообичаен термин од 01 до 31 јули 2008 година.**

**Услови**:

- повикот е отворен за сите уметници, самостојни уметници, установи, здруженија и други правни и физички лица кои создаваат авторско дело од областа на уметничкото творештво;
- програмите можат да бидат од сите сфери на културното творештво (музика, филм, театар, ликовна уметност, книжевно творештво) и истите

треба да претставуваат презентација на актуелните културни вредности кои се вклопуваат во утврдените критериуми на ШКЛ.

- аплицирањето се врши преку пополнување на приложениот апликационен формулар каде програмите треба да бидат претставени со целокупната своја содржина;
- да бидат нагласени целите на понудениот проект и очекуваните ефекти и терминот на евентуалното одржување кој мора да е во рамките на деновите на манифестацијата (01-31 јули 2008);
- да бидат строго дефинирани носителите на проектот, односно директните учесници;
- детално да биде претставен трошковникот, односно вкупно потребните средства за реализација на истиот.
- организаторот, односно селекционата комисија ќе ги разгледува пристигнатите предлози, но го задржува правото да одбира програми по свое видување и надвор од пристигнатите програми на јавниот повик;

**Рок**:

Јавниот повик трае заклучно до 10 мај 2008 година.

Јавниот повик ќе биде објавен на интернет страницата на СО-Штип **ww.stip.gov.mk** и во средствата за информирање.

Предлозите треба да се достават по пошта или лично на адреса: СО-Штип; "Васил Главинов" бб 2000 Штип

За резултатите учесниците ќе бидат писмено известени најдоцна до 30 мај 2008 година.

За дополнителни информации заинтересираните можат да се обратат на тел. 032 22 66 14 или до Кирил Панајотов, советник за јавни дејности во Општина Штип.

106.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРАНСФЕРИ ДО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ПОЕДИНЦИ, ФОНДАЦИИ, НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ И ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

I

Се објавува Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-950/3
10 април 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

107.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРАНСФЕРИ ДО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ПОЕДИНЦИ, ФОНДАЦИИ, НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ И ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

### Член 1

Во Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип" број 2/06, 4/06 и 4/07) во членот 6 се додаваат два нови ставови 3 и 4 кои гласат:

- "Правилникот важи за исклучително тешки болести кои го загрозуваат животот".
- "Средствата од став 1 на овој член може да се користат само еднаш во текот на една календарска година".

### Член 2

Членот 10 се менува и гласи:

"Средствата предвидени во буџетот, по утврдените критериуми со овој Правилник ги доделуваат градоначалникот, исклучително за итни и неодложни случаи и Советот на Општината Штип по предлог на Комисијата за општествени дејности, Комисијата за буџет и финансии, Комисијата за спорт и Комисијата за полова еднаквост во рамки на своите надлежности".

### Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-950/1
4 април 2008 година

Штип

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

108.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИ**

I

Се објавуваат Заклучоците број 0701-950/2 од 4 април 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-950/4
10 април 2008 година

Штип

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

109.

Врз основа на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица број 0701-950/1 од 4 април 2008 година и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

**З А К Л У Ч О Ц И**

I

1. Доколку терминот на одржување на одредена манифестација е поминат барањата да не се прифаќаат од комисиите што ги разгледуваат.

2. Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој да поднесе годишен извештај за доделените средства по сите ставки предвидени во Правилникот.

II

Овие Заклучоци влегуваат во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објават во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-950/2<br>4 април 2007 година<br>Ш т и п

Претседател<br>на Советот на Општината Штип,<br>Драги Илиев, с. р.

110.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА
ПРЕСМЕТАНИ И НАПЛАТЕНИ СРЕДСТВА
ЗА СПОРТСКИОТ ДЕНАР ОД ЈУНИ ДО ДЕКЕМВРИ
2007 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за пресметани и наплатени средства за спортскиот денар од јуни до декември 2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-951/2<br>10 април 2008 година<br>Ш т и п

Градоначалник<br>на Општината Штип,<br>Панде Сарев, с. р.

111.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА
ПРЕСМЕТАНИ И НАПЛАТЕНИ СРЕДСТВА
ЗА СПОРТСКИОТ ДЕНАР ОД ЈУНИ ДО ДЕКЕМВРИ
2007 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за пресметани и наплатени средства за спортскиот денар од јуни до декември 2007 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-951/1
4 април 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

112.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2007 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-952/2
10 април 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

113.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ
ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА
ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2007 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2007 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-952/1
4 април 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

114.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
ЗА 2008 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за јавно осветлување за 2008 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-953/2
10 април 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

115.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 13 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
## ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
## ЗА 2008 ГОДИНА

I

Се донесува Програмата за јавно осветлување за 2008 година со следните **заклучоци**:

- Процентот од 2% од средствата собарни за уредување на градежното земјиште за 2007 година, согласно Програмата за јавно осветлување ЈП "Штип-проект" да ги префрли на сметката за јавно осветлување.
- Едно од возилата кои ќе се набават во 2008 година да биде дадено на Одделението за комунални дејности за потребите на јавното осветлување.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-953/1
4 април 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

116.

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2008 ГОДИНА

Согласно член 3 точка 12 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" број 45/97, 45/02 и 16/04) одржувањето на јавното осветлување, под што се подразбира одржување на уличното осветлување во исправна состојба, претставува комунална дејност од јавен интерес.

Согласно Законот за комунални такси ("Службен весник на РМ" број 21/04, 64/05 и 92/07), комунална такса за јавно осветлување се плаќа според типот на потрошувачите по цена за секое броило за мерење на електрична енергија и тоа:

1. домаќинства -------------------------------------------------- по 25 kW/h
2. објекти на трговски друштва и занаетчии ------------ по 50 kW/h
3. 10 kV потрошувачи ---------------------------------------- по 100 kW/h
4. 35 kV потрошувачи ---------------------------------------- по 150 kW/h
5. 110 kV потрошувачи---------------------------------------- по 300 kW/h

Наплатата на таксата за користење и одржување на јавното осветлување во Општината Штип ја врши ЕСМ ЕВН - "Електро Штип" Штип и истата ја уплатува на соодветна уплатна сметка на Општината.

За одржување на јавното осветлување, Општината Штип во 2008 година по пат на јавна набавка ќе избере изведувач, односно одржувач на јавното осветлување. Од одржувачот на јавното осветлување ќе се бара секојдневно да работи по претходно утврден распоред за работа, како и да врши интервенции по пријави што граѓаните ги вршат на телефон 032/22 66 34.

За одржување на јавното осветлување во 2008 година, во Буџетот на Општината Штип е потребно да се предвидат средства во висина од **14.500.000,00** денари, но реализацијата на истите зависи од процентот на наплатата на електричната енергија од потошувачите. Во 2008 година се планира, средствата собрани од комуналната такса за јавно осветлување да се искористат за следните намени:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | потрошена електрична енергија | 11.500.000,00 |
| 2. | репроматеријал | 1.000.000,00 |
| 3. | одржување на мрежата | 1.527.000,00 |
| 4. | набавка и реконструкција на светлечките новогодишни украси | 100.000,00 |
| 5. | преместување на дел од електричните броила надвор од трафостаниците | 373.000,00 |
| | **Вкупно:** | **14.500.000,00** |

Со Програмата за јавно осветлување за 2007 година беше предвидено изместување на електричните броила надвор од трафостаниците заради непречен пристап до т.н. тајмери кои го контролираат вклучувањето и исклучувањето на јавното осврtлување. До крајот на годината од страна на ЕСМ ЕВН не ги добивме условите под кои ќе се врши ова изместување поради што оваа активност не е завршена.

Бидејќи од страна на ЗЕЛС сме известени дека по предлог на заедничката Комисија на ЗЕЛС и ЕВН до крајот на 31.01.2008 година ќе се изготви постапка односно процедура со која ќе се утврди начинот на вршењето на работите со цел на овластените лица на општината да им се овозможи пристап до електроенергетските објекти на ЕВН заради реконструкција и одржување на уличната мрежа за јавно осветлување, активноста на изместување на електричните броила ја предлагаме да се изврши во 2008 година.

Бидејќи во Општината Штип има 133 трафостаници во кои се сместени броилата за регистрирање на потрошената електрична енергија на јавното осветлување, за извршување на оваа активност потребни се средства во висина од околу 1.100.176,00 денари, односно:

| р.б. | вид на материјал | количина | единечна цена | цена со ДДВ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | метално орманче (надворешно) | 133 | 1.900,00 | 2.242,00 | 298.186,00 |
| 2. | кабел ПП 00 4х6 (во м$^1$) | 1.330 | 350,00 | 413,00 | 549.290,00 |
| 3. | ситен помошен материјал | 133 | 1.000,00 | 1.000,00 | 133.000,00 |
| 4. | работна рака 25% од вредноста за изместување на едно броило (монтажа и демонтажа) | 133 | 900,00 | 900,00 | 119.700,00 |
| | | | Вкупно: | | 1.100.176,00 |

Со оглед дека се работи за поголема инвестиција предлагаме раздвојувањето на бројачите на електрична енергија да се врши во наредните три години, односно во 2008 година да се изврши преместување на 45 броила за што ќе биде потребно околу 373.000,00 денари.

При одржувањето на јавното осветлување во исправна состојба, прв приоритет на осветлување се дава на улиците околу градската болница, основните училишта и детските градинки, раскрсниците на главните улици и мостовите на река Брегалница и река Отиња, како и на следните улици и раскрсници:

1. Од влезот на градот по булеварот "Гоце Делчев" до градската црква "Св. Никола", влезот во Ново Село (ул. "Димитар Влахов"), ул. "Маршал Тито", плоштад "Слобода", ул. "Кузман Јосифовски" (пред Стопанска банка), ул. "Христијан Карпош" до населба "Блок 70".
2. Од детската градинка во Ново Село ул. "Васил Главинов", ул. "Генерал Михајло Апостолски" до Суитлак, ул. "Сутјеска" (кај новиот пазар) и ул. "Сремски фронт".
3. Од автобуската станица (ул. "Партизанска") до населба "Баби".

Одржувањето на јавното осветлување во останатиот дел на градот се врши по реони, така што се планира да се работи на неколку улици од секој реон со што ќе се обезбеди да бидат покриени сите реони во градот. Улиците на кои се одржува уличното осветлување се следните:

1. **Реон МЗ"Ново Село"**: ул. "Димитар Влахов", ул. "Кежовица", ул. "Крсте Мисирков", ул. "Сане Малинов", ул. "Ѓуро Ѓаковиќ", ул. "Милојкова" и ул. "Никола Карев".
2. **Реон МЗ"Васил Доганџиски"**: ул. "Јоаким Стојков", ул. "Димо Хаџи Димов", ул. "Кочо Рацин", ул. "Борко Талев", ул. "Цветан Димов", ул. "Првомајска", ул. "Овчеполска", ул. "Јане Сандански", ул. "Личка", ул. "Борко Левата", ул. "Вита Поп Јорданова", ул. "Ленинова", ул. "Мирче Ацев", ул. "Стојан Гогов", ул. "2ри август", ул. "Љубен Иванов", ул. "Страшо Пинџур", ул. "Браќа Миладинови", ул. "Тодор Коларов", ул. "Генерал Михајло Апостолски", ул. "Драги Иванов", ул. "Васил Главинов", ул. "Васил Доганџиски", ул. "Врпоље", ул. "Козјак Планина", ул. "Доланска", ул. "Митко Шеќерински", ул. "Хо Ши Мин", "25ти мај" и "Бриони-Суитлак".
3. **Реон МЗ"Тошо Арсов" и МЗ "Брегалница":** ул. "Гоце Делчев", ул. "Партизанска", ул. "4та Македонска бригада", ул. "Илинденска", ул. "Пане Гочев", ул. "Бел Камен", ул. "Стив Наумов", ул. "Тошо Арсов", ул. "Ванчо Прке", ул. "Борис Данев", ул. "Иво Рибар Лола", ул. "Кирил и Методи", ул. "Тодор Чучков", ул. "Рајко Жинзифов", ул. "Димитар Влахов", ул. "Ѓорче Петров", ул. "Митко Цецов", ул. "Никола Нехтенин", ул. "Кузман Јосифовски", ул. "Јосиф Ковачев", ул. "19та Бригада", ул. "Борис Кидрич", ул. "29ти Ноември", ул. "Добре Радосављев", ул. "Маршал Тито", ул. "9ти Мај", ул. "Охридска", ул. "Христо Ботев", ул. "Сане Георгиев", ул. "Ѓошо Сланката", ул. "Битолска", ул. "Корушка", ул. "Лисец", ул. "Карл Маркс", ул. "Добре Радосављев", ул. "Тодор Чучков", ул. "Никола Чаулев" и ул. "Вардарска".
4. **Реон МЗ "8ми Ноември"**: ул. "Енгелсова" и ул. "Булевар ЈНА".

5. **Реон МЗ "Славчо Стојменски"**: ул. "Христијан Карпош", ул. "Боро Милевски", ул. "Рудо", ул. "АСНОМ", ул. "Фирус Демир", ул. "Кукуш", ул. "Коле Неделковски", ул. "Вера Циривири", ул. "15ти Корпус", ул. "Благој Мучето", ул. "Еврејска", ул. "11ти Октомври", ул. "Трст", ул. "Стојан Рибата", ул. "Питу Гули", ул. "Славчо Стојменски", ул. "Радански пат", ул. "Косовска", ул. "Сремски фронт" и ул. "Солунска".
6. **Реон МЗ "Автокоманда"**: ул. "Д-р Панче Караѓозов", ул. "Дуго Село", ул. "Митрашинска", ул. "11ти Март", ул. "Ванчо Икономов", ул. "Џемал Бједиќ", ул."5-та партиска конференција" , ул. "Товарник", ул. "7ми Конгрес на КПЈ", ул. "Стојан Милевски", ул. "Нобелова", ул. "Плачковички одред", ул. "5та Партиска конференција", ул. "Широк Дол", ул. "5ти Конгрес", ул. "Цвета Јованова", ул. "Солидарност", ул. "Пролетерска", ул. "Браќа Даневи", ул. "Астибо", ул. "Никола Тесла", ул. "Сутјеска", ул. "4ти јули", ул. "Глигор Прличев", ул. "Пиринска" и ул. "Сремски фронт".
7. **Реон МЗ"Сењак"**: ул. "Борис Крајгер", ул. "Родољуб Чолаковиќ", ул. "Ѓорги Петров", ул. "Митко Недев", ул. "Ванчо Китанов", ул. "Сајбие Демир" и ул. "Анте Банина".
8. **Реон МЗ"Дузлак":** ул. "Скопска", ул. "Загребачка", ул. "Кратовска", ул. "Виничка", ул. "Радовишка", ул. "Белградска", ул. "Кочанска", ул. "Светиниколска", ул. "Кривопаланечка", ул. "Драги Крупишки" и ул. "Струмичка".
9. **Реон МЗ "Пребег"**: ул. "Вељко Влаховиќ", ул. "Ристо Стојков", ул. "21ви Мај", ул. "Скоевски", ул. "Славенска Пожега" и ул. "Баница".
10. **Реон МЗ "Баби"**: ул. "Лески", ул. "Крушевска Република", ул. "Антон Панов", ул. "Крсто Митев", ул. "Кирил Пејчиновиќ", ул. "Михајло Пупин", ул. "Никола Вапцаров", ул. "Јајце", ул. "Ратко Јовановиќ", ул. "Никола Коперник", ул. "Руен", ул. "Богомилска", ул. "Беровска", ул. "Делчевска", ул. "11 Конгрес на СКЈ" и ул. "Пробиштипска.
11. **Реон** МЗ "Железничка", МЗ "Македонка", МЗ "Балканска" и МЗ "Три Чешми".

Исто така, редовното одржување на јавното осветлување ќе се врши и во селата каде постои јавно осветлување и тоа: Врсаково, Стар Караорман, Чардаклија, Лакавица, Лесковица, Драгоево, Сарчиево, Криви Дол, Софилари, Селце, Пухче, Суво Грло, Пиперово, Брест, Горачино, Танатарци, Љуботен, Шашаварлија, Никоман, Калапетровци, Судик, Сушево и Почивало.

Покрај редовното одржување на јавното осветлување во исправна состојба, во 2008 година предлагаме да се изврши поставување на нови линии во делови од градот и населените места каде истите се дотраени односно ги нема.

За завршување на оваа активност (поставувањето на нови, односно реконструкција на старите канделабри и столбови за јавно осветлување) се предвидува финансирањето да се врши од комуналниот надоместок за уредување на градежно земјиште.

Во 2008 година се предвидува да се отпочне со целосна реконструкција на јавното осветлување на Булеварот "Гоце Делчев"како проект кој ќе доведе до замена на постоечките светлечки тела со нови кои трошат помалку електрична енергија, траат подолго време и даваат подобра светлина. Оваа активност се предвидува да се реализира доколку од буџетот на Општината Штип бидат обезбедени средства од најмалку 2.000.000,00 денари.

117.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2007 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-954/2
10 април 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

118.

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" број 51/05) и член 5 од Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичката обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на просторните и урбанистички планови ("Службен весник на РМ" број 78/06), како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
### за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2007 година

1. Изработка на ДУП за населба "Бело Брдо" дел од УЕ 6 и опфат између улиците "Вардарска", "Пиринска" и "Лисец", "Иво Лола Рибар, "Борис Кидрич".

   М= 1:1000
   П=10.00ха

2. Изработка на Измена и дополнување на ДУП за дел од УЕ 78 индустриска зона "Север" - ул. "Железничка" (позади сообраќајна полиција).

   М=1:1000
   П=10.0ха

3. Измена и дополнување на ДУП на дел УЕ 2, 8, 19, 20 и 21, опфат помеѓу улиците "Христијан Карпош", "Славчо Стојменски", "Благој Мучето", "Маршал Тито", "АСНОМ", "Коле Неделковски" и "Еврејска" (Стар пазар, Црвените кули, Бело Брдо и Техничка населба).

   М=1:1000
   П=14.0ха

4. Изработка на ДУП за дел населба "Ново Село", опфат помеѓу улиците "Крсте Мисирков" и "Димитар Влахов".

   М=1:1000
   П=1.0ха

5. Изработка на ДУП за локалитет "Живинарска фарма" на регионален пат Р-526.

   М=1:1000
   П= 20.0ха

6. Изработка на измени и дополнување на ГУП (месност "Суитлак).

   М=1:2500
   П=20.0 ха

7. Изработка на ДУП за месност "Суитлак" (викенд зона-југ)

   П=7.50ха
   М=1:1000

8. Изработка на ДУП и урбанистички проекти од помал обем по барање на заинтересирани странки.

За извршување на предвидените задачи потребни се вкупно финансиски средства во висина од **3.328.000,00 денари** вклучувајќи ги и трошоците за ажурирање на подлогите.

Урбанистички планови ќе бидат изработени со следните прилози:

1. **Документациона основа** во која се систематизирани податоци за постојната состојба во рамките на планскиот опфат, анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат.
2. **Планската документација** во која ќе се презентираат плански решенија и дефинираат сите плански одредби потребни за донесување и спроведување на планот, текстуален дел, графички дел и билансни показатели со граница на опфат, регулациони линии, парцелација на градежно земјиште, површина за градење, максимална висина до венец намена на земјиште, решение за секундарна мрежа со нивелманско решение, плански решенија за секундарни комунални и телекомуникациски инфрастуктури, детални параметри за заштита на споменични целини и градби од културно историско значење, параметри за спроведување на планот и други заштитни мерки.

Програмата може да се дополнува и изменува во текот на годината во колку за тоа има потреба.

***ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ***

Финансирањето на Програмата ќе се врши според извршената работа и тоа во однос 60% од буџетот на Општината Штип и 40% од приходи на ЈП "Штип-проект" од надоместокот за уредување на градежно земјиште.

Точките од 1 до 7 од Програмата ќе се финансираат од средствата во став 1, а точката 8 ќе се финансира од заинтересирани лица.

Број 0701-954/1 — Претседател
4 април 2008 година — на Советот на Општината Штип,
Ш т и п — Драги Илиев, с. р.

119.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ЕКО КАМПАЊА 2008 ГОДИНА
21 МАРТ - 25 АПРИЛ

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програмата за еко кампања 2008 година 21 март - 25 април.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-955/2 — Градоначалник
10 април 2008 година — на Општината Штип,
Ш т и п — Панде Сарев, с. р.

120.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), член 46 и член 21 точка 11 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

### З А К Л У Ч О К
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
### ЗА ЕКО КАМПАЊА 2008 ГОДИНА
### 21 МАРТ - 25 АПРИЛ

I

Се донесува Програмата за еко кампања 2008 година 21 март - 25 април.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-955/1
4 април 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

121.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), донесувам

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
### ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА
### ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ
### НА ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА ВО ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за поведување постапка за прогласување на заштитени подрачја во Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-956/2
10 април 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

122.

Врз основа на член 46 и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 4 април 2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА
ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ
НА ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА ВО ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се прифаќа Иницијативата за поведување постапка за прогласување на заштитени подрачја во Општината Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-956/1
4 април 2008 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

123.

Врз основа на член 19а став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07) градоначалникот на Општината Штип, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗБОР НА КОМИСИЈА ЗА ПРЕГЛЕДУВАЊЕ
НА ПРИСТИГНАТИТЕ ДОКУМЕНТИ ПО
ЈАВНИОТ КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА
ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ" - ШТИП

1. За членови на Комисијата за прегледување на пристигнатите документи по јавниот конкурс за избор на директор на ЈП "Штип-проект"-Штип се избираат:
- Вера Панева
- Соња Китанова
- Трајче Цветков

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-772/3
20 март 2008 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

124.

Врз основа на член 32 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на седницата одржана на 31 март 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА МОБИЛНА ТЕЛЕФОНИЈА ОД СТРАНА НА СОВЕТНИЦИТЕ И РАКОВОДИТЕЛИТЕ НА СЕКТОРИТЕ И ОДДЕЛЕНИЈАТА ВО ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Во Одлуката за определување надоместок за користење на мобилна телефонија од страна на советниците и раководителите на секторите и одделенијата во Општината Штип број 12-528/2 од 22 февруари 2006 година ("Службен гласник на Општината Штип" број 2/06) членот 1 ставот 1 се менува и гласи:

"Се определува месечен надоместок за користење на мобилна телефонија во износ од 2.000,00 денари плус пресметан данок на додадена вредност, за секој член на Советот на Општината Штип, градоначалникот и раководителите на секторите и одделенијата во Општина Штип, од 1 април 2008 година".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0711-887/2
31 март 2008 година
Ш т и п

Комисија за мандатни прашања,
избор и именувања
Претседател,
Горан Даскалов, с. р.

125.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02, член 92-а став 15 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07 и 49/07) и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03 и 18/07), градоначалникот на Општината Штип на **2 април 2008 година**, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА СОУ ГИМНАЗИЈА "СЛАВЧО СТОЈМЕНСКИ" - ШТИП

1. За директор на СОУ Гимназија "Славчо Стојменски" - Штип **се избира Ристо Петковски**, досегашен директор на училиштето врз основа на предлогот на Училишниот одбор на СОУ Гимназија "Славчо Стојменски"-Штип број 0202-136 од 27 март 2008 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Образложение

Согласно член 92-а став 15 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07 и 49/07) градоначалникот во рок од 5 дена од денот на добивањето на повторниот предлог од Училишниот одбор е должен да го избере кандидатот предложен од Училишниот одбор.

Имајќи го во предвид напред наведеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**Упатство за правно средство**:

Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на Решението на градоначалникот, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката на избор на директор до Второстепената комисија на Владата надлежна за решавање на прашања од обласа на работните односи.

Број 08-686/5
2 април 2008 година

Штип

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

---

СОДРЖИНА


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 81. | Решение за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-урбанистички план за вон населеното место "Дамбева Чешма" КО-Караорман - Општина Штип | 127/4 |
| 82. | Одлука за утврдување на Нацрт-урбанистички план за вон населеното место "Дамбева Чешма" КО-Караорман - Општина Штип | 127/4 |
| 83. | Решение за објавување на Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион | 128/4 |

| | | |
|---|---|---|
| 84. | Одлука за основање на Центар за развој на Источниот плански регион | 129/4 |
| 85. | Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Исар" за продажба на недвижен имот во сопственост на ЈП "Исар"-Штип | 133/4 |
| 86. | Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Исар" за продажба на недвижен имот во сопственост на ЈП "Исар"-Штип | 133/4 |
| 87. | Решение за објавување на Заклучоци | 134/4 |
| 88. | Заклучоци | 134/4 |
| 89. | Решение за објавување на Одлуката за определување на зони на подрачјето на Општината Штип | 135/4 |
| 90. | Одлука за определување на зони на подрачјето на Општината Штип | 135/4 |
| 91. | Решение за објавување на Одлуката за формирање Одбор за изградба на браната на река Отиња | 136/4 |
| 92. | Одлука за формирање Одбор за изградба на браната на река Отиња | 137/4 |
| 93. | Решение за објавување на Заклучок | 138/4 |
| 94. | Заклучок | 138/4 |
| 95. | Решение за објавување на Одлуката за формирање Штаб за заштита и спасување на Општината Штип | 139/4 |
| 96. | Одлука за формирање Штаб за заштита и спасување на Општината Штип | 139/4 |
| 97. | Решение за објавување на Одлуката за формирање специјализирана просторна единица | 140/4 |
| 98. | Одлука за формирање специјализирана просторна единица | 141/4 |
| 99. | Решение за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства од "спортскиот денар" на спортски клубови во Штип | 141/4 |
| 100. | Одлука за доделување финансиски средства од "спортскиот денар" на спортски клубови во Штип | 142/4 |
| 101. | Решение за објавување на Одлуката за финансирање на Фудбалскиот клуб "Брегалница-Плави" | 143/4 |
| 102. | Одлука за финансирање на Фудбалскиот клуб "Брегалница-Плави" | 144/4 |
| 103. | Решение за објавување на Одлуката за објавување на Јавен повик за пријавување на проект/програми кои ќе бидат дел од содржината на Штипско културно лето 2008 година | 145/4 |
| 104. | Одлука за објавување на Јавен повик за пријавување на проект/програми кои ќе бидат дел од содржината на Штипско културно лето 2008 година | 145/4 |
| 105. | Јавен повик за пријавување на проект/програми кои ќе бидат дел од содржината на Штипско културно лето 2008 година | 146/4 |
| 106. | Решение за објавување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓа- | 147/4 |

| | | |
|---|---|---|
| | ни, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица | |
| 107. | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица | 148/4 |
| 108. | Решение за објавување на Заклучоци | 149/4 |
| 109. | Заклучоци | 149/4 |
| 110. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за пресметани и наплатени средства за спортскиот денар од јуни до декември 2007 година | 150/4 |
| 111. | Заклучок за усвојување на Извештајот за пресметани и наплатени средства за спортскиот денар од јуни до декември 2007 година | 150/4 |
| 112. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2007 година | 151/4 |
| 113. | Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2007 година | 151/4 |
| 114. | Решение за објавување на Заклучокот за донесување на Програмата за јавно осветлување за 2008 година | 152/4 |
| 115. | Заклучок за донесување на Програмата за јавно осветлување за 2008 година | 152/4 |
| 116. | Програма за јавно осветлување за 2008 година | 153/4 |
| 117. | Решение за објавување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2007 година | 157/4 |
| 118. | Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2007 година | 157/4 |
| 119. | Решение за објавување на Заклучокот за донесување на Програмата за еко кампања 2008 година 21 март-25 април | 159/4 |
| 120. | Заклучок за донесување на Програмата за еко кампања 2008 година 21 март-25 април | 159/4 |
| 121. | Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за поведување постапка за прогласување на заштитени подрачја во Општината Штип | 160/4 |
| 122. | Заклучок за прифаќање на Иницијативата за поведување постапка за прогласување на заштитени подрачја во Општината Штип | 160/4 |
| 123. | Решение за избор на Комисија за прегледување на пристигнатите документи по јавниот конкурс за избор на директор на ЈП "Штип-проект"-Штип | 161/4 |
| 124. | Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување надоместок за користење на мобилна телефонија од страна на советниците и раководителите на секторите и одделенијата во Општината Штип | 162/4 |
| 125. | Решение за избор на директор на СОУ Гимназија "Славчо Стојменски" - Штип | 162/4 |